

# KNAUF STORY

Број 1, Јануари 2008

Останете на тлото.
Покривот на Метрополис
Арената ве крева!

За монтажа на системите
за сува градба

Кнауф партнери -
ГИПСАР Скопје

KNAUF

KNAUF ГИПСЕНИ ГЛЕТ МАЛТЕРИ
MP 75L
MP 75
Rotband




Еден, два, три..
...Готово!

**Единствено со нашите глет малтери истовремено и малтерисувате и глетувате!**

**За квалитетна, брза и економична градба...**

KNAUF

# СОДРЖИНА

KNAUF STORY

јануари 2008

Бела Македонија 4

Останете на тлото. Покривот на Метрополис Арената ве крева! 6

Референтен објект: Стамбена зграда 8

Неговото височество - гипсот 9

Кнауф партнери - ГИПСАР Скопје 10

За монтажа на системите за сува градба 12

Македонски архитекти во посета на објекти во Бугарија 14

Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.
Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.
Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Александар Николовски.
Фотографии: Роберт Смилески и ФотоИмиџБанка.
Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 3000 примероци
www.knauf.com.mk

***Почитувани пријатели,***

*Ви пожелувам срдечно добредојде во светот на Кнауф.*
*Пред е Вас е првиот број на Knauf Story.*
*Со влегувањето на македонскиот пазар Кнауф не донесе со себе само инвестиции, туку со отворањето на канцеларијата за продажба и маркетинг во Скопје сакаше и успеа во замислата – да внесе и еден нов, модерен пристап кон пазарот и кон своите купувачи, соработници и партнери. Доближувајќи се еден на друг, Кнауф учеше за македонскиот пазар и истовремено го создаваше и ширеше, а клиентите, пак учеа за богатството на иновации кои Кнауф ги нуди во повеќе сфери на градежништвото.*
*Со оглед на тоа дека информациите се клуч за секој успех, сакаме со Knauf Story да се доближиме уште чекор повеќе до Вас, и истовремено да Ве информираме за новостите на Кнауф во Македонија, непосредното соседство и во светот. Од 2008та година овој Knauf Story ќе биде редовно Ваш прозорец кон еден нов, свеж и интересен свет на гипсот и материјалите и системите создадени од него.*
*И бидејќи Knauf Story е замислен како двонасочна улица, секогаш ќе се радуваме и на Вашите сугестии, предлози и вести, со намера истиот да стане омилен заеднички информатор од градежништвото и архитектурата.*
*Среќни сме што со овој Knauf Story 1 заеднички почнуваме да ги создаваме и пренесуваме приказните за гипсот и за визијата на нашето претпријатие.*

*Многу успех, среќа и здравје во Новата 2008 година.*

*Shumë suksese, fat dhe shëndet në Vitin e Ri.*

*Viel Erfolg, Glück und Gesundheit im neuen Jahr.*

***Со почит,***
***Деловски Тодор***
***Кнауф Македонија***

# Бела Македонија

*Импресии од средбата со г-дин Бурхан Мурати, Кнауф Радика Дебар*

*Овој дел на Балканот и Европа од секогаш давал високо квалитетни суровини. Во радиус од околу 100-тина километри и денес се наоѓа освен чистиот бел радички гипс, и белиот прилепски мермер со светско реноме, но и други ретки и скапоцени богатства. Алшар е исто така во тој радиус, а за неговите минерални богатства многу се пишувало.*

Тој ден кога го посетивме дипл. инж. технолог Бурхан Мурати, работниот ден во фабриката на Кнауф Радика во Дебар му започна слично како и другите денови. Овој пат го испланира денот така што подоцна може да биде на располагање за разговор со нас за неговата работа во фабриката. Утрото одејќи накај фабриката помислил дека времето нема да биде погодно за пријатна прошетка околу фабриката и за правење на фотографии, но тимот на KNAUF Story имаше среќа. Облаците се разотидоа и се појави сонцето. Боите на Дебарската околија светнаа во уште пополн сјај. Белиот свеж снег на околните планини и посебно белата боја на малата височинка каде се ископува гипсот, крај Радика, каде Кнауф во моментов експлоатира калциум карбонат. Белината доби, како што милува да каже Мурати, лучидита (од италијанскиот збор lucidita - сјајност).

Бурхан Мурати е Productmanager и Wualitetmanager. Значи одговорен е за применување на нови технологии во фабриката на Кнауф во Дебар, како и при испитувањата што се вршат врз производите кои излегуваат од Кнауф Радика. Не е за изненадување што Мурати одбира италијански збор за да се доизрази како што тој милува. Технологот Мурати е и полиглот. Зборува повеќе јазици кои ги учел во текот на своето образование од задоволство или потреба за одредена ситуација.

За да се биде постојано во тек со светските трендови во технологијата, како и со најновите иновации на Кнауф, тој употребува доста литература акумулирана во својта библиотека, информаци од разни семинари сто ги посетувал или разните обуки во Вајзенбах, Австрија и Ипхофен, Германија. Освен во фабриката во Дебар, има работено една година и во фабриката на Кнауф во Книн, Хрватска.

Раскажувајќи за историјатот на користење на гипсот во Дебарскиот крај, временската линија не наврати назад речиси две илјади години, уште во Римско време, од кога по текот на Радика се користеле наслагите на калциум карбонатот (гипсот) покрај самото корито. Постојат проверени податоци дека селенитниот гипс (кристален гипс) се користел од римљаните уште пред две илјади години Тоа уште еднаш ни кажува колку овој дел на Балканот и Европа од секогаш давал високо квалитетни суровини. Во радиус од околу 100-тина километри и денес се наоѓа освен чистиот бел радички гипс, и белиот прилепски мермер со светско реноме, но и други ретки и скапоцени богатства. Алшар е исто така во тој радиус, а за неговите минерални богатства многу се пишувало.

Традицијата е продолжена од антиката до денес. Така, во 1957 г. во некогашната СФРЈ е основан индустрискиот погон Радика, каде се користел гипсот главно во медицински, ортопедски цели и за керамичката индустрија. Залихите на алабастер и кристален гипс се големи и во одличен квалитет, што е реткост во Европа, оттука, логична е и нагорната линија на развој на експлоатацијата на тие богатства се до денес. Посебно видлив е напредокот после изградбата на модерната фабрика во 1997 г. под капата на светскиот бренд Кнауф кој за Македонија не била само инвестиција туку и носење на огромно знаење и врвно искуство.

Денес во фабриката Кнауф Дебар се вработени 190 луѓе. Стариот погон на Радика денес повеќе од секогаш претставува гордост на целиот регион. Мурати е горд што е дел од таа успешна приказна. Бурхан Мурати е среќен што може работејќи да го живее својот сон: да биде во допир со благородниот бел радички гипс.

**Роберт Смилески**












# Останете на тлото. Покривот на Метрополис Арената ве крева!

Метрополис Арената е со површина од 4.300 м2, и се наоѓа во склоп на Скопски Саем. Има можност да прими 5.000 посетители.

Пред проектантите постоеше голем предизвик – постоечката саемска хала да се претвори во повеќенаменски простор, кој освен модерниот изглед и флексибилност на просторот, треба да ја обезбеди главната функција за која тој е наменет – одлична акустика.

Таванските вдлабнатини кај лантерните се решени со лебдечките гипсени „пердуви", изведени со благ радиус, кој освен визуелниот ефект имаат улога и на рефлектори на звукот.

Секако, доминантен печат на акустиката оставаат околу 1000 м2 Cleaneo Akustik плочите.

Акустиката е добро осмислена и решението е доверено на компетентни и искусни професионалци. За успешноста на решението доказ е позитивната оцена и согласноста на Израелската Филхармонија да одржи концерт во Метрополис Арената.



*Пред проектантите постоеше голем предизвик – постоечката саемска хала да се претвори во повеќенаменски простор, кој освен модерниот изглед и флексибилност на просторот, треба да ја обезбеди главната функција за која тој е наменет – одлична акустика.*














# Неговото височество - Гипсот

*Сувата монтажна градба со Кнауф пружа повеќе предности. Карактеристиките на материјалот овозможуваат лесна градба и монтажа, а штеди и време и пари. И што е најважно гипсот е материјал кој докажано, ја подобрува удобноста во живеењето. Неколку редови за неговото височество – гипсот.*

Пронаоѓачкиот дух на природата е генијален. Гипсот е преку 200 милиони години стар материјал, едноставен за употреба и со него градиме илјадници години наназад.

Во стариот Ерихон уште пред 11.000 години ѕидовите и подовите биле од гипс. Во современите барокно декорирани објекти овој материјал доживува нов процвет. Денес гипсот се употребува за создавање на пријатна атмосфера во домот и на работа, како и за креативно уредување на просторот. Не е никакво чудо фактот дека потребата од овој чудотворен материјал е се поголема! Во тесниот сплет помеѓу енергетските технологии и интелигентните методи на работа, Кнауф се грижи гипсот и во иднина да биде на располагање како градежен материјал поволен луѓето и за околината.

**Мудрости за гипсот**

Уште старите Египќани ја познавале тајната. Во меѓувреме поминаа 5000 години, а покрај пирамидите тука е гипсот употребен и во други занаети и уметности. И Вашиот стан е изграден со примена на овој проверен градежен материјал. Истиот се применува и во медицината. Тоа е доказ дека гипсот е потполно здрав и податлив материјал.

**Изедначената клима дава многу предности**

Ништо не е побитно од пријатната клима и чистиот воздух. За да се постигне тоа Кнауф го употребува гипсот кој повеќекратно може да придонесе за удобноста и сигурноста на живеењето. Од една страна со преносот на топлината, а од друга страна со огноотпорноста при опасност од пожар. Ако во рака се земат предмети од различни материјали, веднаш може да се забележи како според видот на материјалот е различно и чувството на топлина.

Парчето гипсена плоча на допир е топло и дава пријатно чувство.

**Пори за удобност**

Не само температурата туку и влажноста на воздух во просторот за живеење и работа е значајна за здрава клима. На зима би требело таа да изнесува 40-50%, на лето 50-60%. Тоа едноставно се остварува со гипсените градежни елементи. Гипсот е составен од многу ситни пори кои по потреба го превземаат во себе вишокот на влагата од воздухот. Кога околината ќе се исуши, влагата од гипсот повторно се враќа во воздухот на околниот простор.

**Водата која ја врзува енергијата**

Оганот често бил причина за страшни последици. Куќите, селата и цели градови биле жртва на огнени стихии. Причина за такви последици биле недоволната заштита од пожар и непримерниот градежен материјал. Гипсот содржи 20% врзана кристална вода и поради тоа може во случај на пожар да врзе голема количина на топлинска енергија. Преградните ѕидови и плафони од Кнауф плочи изградени се од гипс, кој е негорлив и потполно без мирис и нештетен за луѓето и околината.



# КНАУФ партнери - ГИПСАР Скопје

**Почетоците на Гипсар.**
*25 Мај 1990. Најстара од партнер фирмите на Кнауф. Почеток со 2 вработени.*

**Гипсар на почеток на 2008.**
Во моментов во Гипсар работат 15 редовно вработени. За да се завршат сите активности и проекти индиректно Гипсар снабдува со работа 20-тина монтажерски фирми. Гипсар не е комплетно нов во гипсената индустрија. До 1997 г-дин Несторовски Момир, претходно бил вработен во Радика и се запознал со технологијата на производство на гипсени материјали. Несторовски има и драгоцено искуство од фирмата Подоградба во поранешна Југославија. Во подалечното минато увезувале гипс од странство, од Италија.

**Соработка на Гипсар со Кнауф.**
Соработката со Кнауф се наметна како неминовност. Познавајќи го претходно гипсот како градежен материјал, во моментот кога се одлучува да работи самостојно сосема разбирливо одлуката паѓа на соработката со Кнауф и со најдоброто од гипсот во Македонија.
Гипсар се занимава исклучиво со продажба на Кнауф производите и изолациски материјали потребни за Кнауф системите. За разлика од другите партнери на Кнауф кои продаваат производи и од други градежни сегменти, како на пример: поплочување, бањи, алат итн. Гипсар го концентрира целото свое внимание на Кнауф производите. Гипсар е накратко речено „Кнауф во мало".

**Референтни објекти каде работел и е во тек на работа.**
Гипсар има изведувани гипсени работи на многу објекти како на пример: хотелот Дончо во Охрид, зимска и летна дискотека на Хард Рок, ПИОМ, Кардиохирургијата Филип Втори, Реплекфарм, Пивара, Тиквеш, и многу станбени и деловни објекти. Најголем објект на кој во моментов се работи е Бизнис Центарот Соравиа и новиот објект на Алфа Телевизија.

**Планови за иднината.**
За во блиска иднина, поточно веќе во следниот месец, Гипсар планира да се пресели во нов сопствен репрезентативен објект, кој е во завршна фаза на градба. Таму фирмата ќе има многу подобри услови за работење и поголеми магацински капацитети. Нормално е што очекуваме и зголемување на обемот на тргување и воведување на новите Кнауф програми на овој пазар: Баумаркт, Кнауф малтери на цементна основа од новата Кнауф фабрика во Земун, како и продажба на новите иновативни Кнауф системи: Цлеанео, Ла Вита, Диамант . Во новиот објект се планира и поубав изложбен простор, достојно место за Кнауф иновациите.
Со новостите во 2008 Гипсар наметнува повисоки стандарди во презентацијата и продажбата на Кнауф системите, пример кој ги подигнува стандардите за сите оние кои соработуваат со Кнауф во Македонија. Гипсар влегува подготвен во едно ново време чекор до чекор со повисоките барања на купувачите и воопшто на пазарот на градежништвото во Макединија од 21 век.
Напорите во блиска иднина се насочени и кон се подобрата едукација на фирмите- субдилери за поголема употреба на гипсените материјали. Целта е вршење на супституција на досегашните класични градежни материјали со нови кои даваат подобри резултати при звучна и топлинска изолација, две основни работи кои се на барање на евро кодовите во градежништвото.

*Со новостите во 2008 Гипсар наметнува повисоки стандарди во презентацијата и продажбата на Кнауф системите, пример кој ги подигнува стандардите за сите оние кои соработуваат со Кнауф во Македонија. Гипсар влегува подготвен во едно ново време чекор до чекор со повисоките барања на купувачите и воопшто на пазарот на градежништвото во Макединија од 21 век.*



**Гипс во вените и за гипс за доручек**
Во Гипсар во секое време се снабдени со целата програма на Кнауф. Се обидуваат да ги поддржат сите купувачи и фирми со логистика, објаснување на програмата, но и друга техничка и финансиска поддршка. Гипсар и вработените во Гипсар се вложуваат себеси во понатамошното учење на купувачите за производите и за овој начин на градба.
За Гипсар гипсот е секојдневие. На крајот од разговорот со вработените на шега ни рекоа дека веќе тој им е влезен и во вените, па дури и во оброците за доручек.
На сите нив им посакуваме многу успеси во нивните зацртани планови за иднината.

# За монтажа на системите за сува градба

*Ќе се обедиме во неколку продолженија да ги издвоиме основните правила за монтажа на системите за сува градба, кои се резултат на долгогодишното искуство на Кнауф и кои според наше согледување се подеднакво важни како за изведувачите, така и за надзорните органи.*

За квалитетот на системите за сува градба подеднакво важна улога играат својствата на применетите материјали и нивното правилно вградување.

Правилната, односно квалитетна монтажа, освен тоа што го гарантира исполнувањето на градежно-физичките и механички карактеристики на системите, придонесува и за брзо и рационално завршување на градбата.

Ќе се обедиме во неколку продолженија да ги издвоиме основните правила за монтажа на системите за сува градба, кои се резултат на долгогодишното искуство на Кнауф и кои според наше согледување се подеднакво важни како за изведувачите, така и за надзорните органи.

**ПРЕГРАДНИ ЅИДОВИ**

**Потконструкција**

1. Граничните профилите, со кои се изведува спојот на ѕидот со подот, таванот и околните ѕидови, од задната страна се изолираат со дихт-лента заради обезбедување на потребната звучна заштита.

2. Растојание за прицврстување на граничните профили е 1м (на ѕидовите најмалку во три точки).

3. Основно растојание меѓу CW профилите изнесува 61,25цм. Основно растојание може да се намали зависно од висината на просторијата и ширината на профилот-таблично е прикажано за секој систем посебно.

4. Доколку на ѕидот W111 се лепат керамички плочки, заради неопходната крутост растојанието меѓу CW профилите изнесува 41,7мм.

5. CW профилите се поставуваат секогаш во ист правец заради полесно шрафење на плочите.

6. Должината на CW профилот е пократка за 10 мм од висината на просторијата и да навлегуваат најламку 15мм во UW профилот

7. Доколку се кратат, CW профилите се отсекуваат секогаш од истиот крај;

8. При монтажа на CW профилите X-отворите за инсталации да бидат на иста висина.

9. Наставување на CW профилот по висина е дозволено со преклоп чија должина е 10 пати поголема од неговата широчина. На преклопот профилите се нитуваат или штанцаат.

10. Наставените места (преклопите) на два соседни профила треба да се разминуваат по висина.

11. Не е дозволено прекинување на ЦЊ профилите по висина заради водење на инсталации или слично.

12. W115 - ѕидот се изведува на две паралелни конструкции меѓусебно изолирани со парчиња дихт-лента.

13. W116 - ѕидот се изведува на две паралелни конструкции на одредено меѓусебно растојание, поврзани со парчиња плочи.

**Обложување**

1. Минималната дебелина на плочите за прави ѕидови е 12,5 мм.

2. Кружни ѕидови може да се изведат со плочи од 6,5мм и 9,5мм кои секогаш се поставуваат во два слоја.

3. Плочите се поставуваат верти–кално во еден, два или три слоја.

4. Надолжните споевите на плочите од двете страни на ѕидот треба да се разминуваат за ½ ширина на плоча(62,5цм). Истото важи и за плочите од иста страна при дво- и трослојно обложување (пр. W112, W113...).

5. Спојот на плочата со таванот се изведува без фуга, а на спојот со подот плочата е пократка за 10мм.

6. Шрафењето започнува од горе надолу и секогаш од„крутата" страна на CW профилот.

7. Растојание на шрафење е 25цм; при повеќеслојно облагање може растојанието на шрафовите да се зголеми и тоа - кај двослојно: на првиот слој 75цм на вториот 25цм; кај трослојно: на првиот слој 75цм, на вториот 50цм и на третиот 25цм.

8. Не се препорачува шрафење на плочите во UW профилите кои се фиксирани на под и таван.

9. Доколку плочите се наставуваат по висина, челните споеви на две соседни плочи треба да се разминуваат за најмалку 40цм. Крстести споеви на плочите не се дозволени.

10. Челните споеви на две плочи кај ѕидот W111 треба да се појачаат со поставување на парче профил под спојот; во спротивно може да се појават пукнатини.

11. Не се препорачува користење на парчиња плочи помали од ½м2.

**Останати правила**

1. Во празниот простор меѓу плочите се вградува изолација од минерална волна, чија дебелина не смее да биде поголема од широчината на профилот.

2. Минералната волна треба да го исполни целиот празен простор.

3. Минералната волна треба да се обезбеди од понатамошно слегнување.

4. Отворите за врата за висини на ѕидови до 2,8м и тежина на вратното крило до 25кг се изведуваат со CW/UW профили.

5. За сите висини на ѕидови и за крила со тежина 25кг-100кг отворите за врата се изведуваат со UA профили прицврстени за подот и таванот со специјални винкли.

6. На вратните профили не е дозволено наставување на плочите.

7. Надворешните ивици на сидовите задолжително се заштитуваат со аголни лајсни (PVC или алуминиумски) или со ALUX - заштитна лента.

8. Клизни споеви се изведуваат кога се очекува угиб на таванот поголем од 10мм.

9. Изведба на дилатации е неопходна за должини на ѕидови поголеми од 15м и на места каде конструктивниот дел од објектот има дилатација.











# Македонски архитекти во посета на објекти во Бугарија



Кнауф Македонија оваа година имаше чест заедно со врвните архитекти на Македонија да направи обиколка на повеќе референтни објекти и да го доживее инвестицискиот бум на брегот на Црно Море во соседна Бугарија. Групата од 40тина архитекти имаше прилика два дена да се запознае со неколку хотели -референтни објекти на Кнауф Бугарија. При тоа тие се запознаа со повеќе системи за сува градба кои можат да најдат примена и во нивните планови за проектите во Македонија.

Импресиите на архитектите од она што можеа да го видат беа навистина прекрасни. Благодарејќи на таа организирана посета многу од нив веќе добија конкретни идеи кои би можеле да се аплицираат во нивните следни проекти. Покрај презентацијата на објектите, за време на обиколката имаше време и за подобро меѓусебно запознавање, размена на драгоцени искуства и дружба.

Сите, и Кнауф Македонија и архитектите, се надеваат дека оваа пракса на посета на референтни објекти ќе продолжи и во иднина.








Кнауф

Канцеларија за продажба и маркетинг:
Бул. Александар Македонски б.б.
1000 Скопје

тел: 02/32 35 750   факс: 02/32 35 760

Кнауф на интернет:

www.knauf.com.mk
info@knauf.com.mk

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ
бул.Александар Македонски 66 1000 Скопје
тел: 02 3235 750 факс: 02 3235 760



www.knauf.com.mk

Фирмата Gebr. Knauf Westdeutsche Gipswerke, Iphofen, основана 1932 година, денес е една од водечките светски производители на градежни материјали со преку 150 фабрики во повеќе од 40 држави во Европа, Азија, САД и во Јужна Америка.

Производите на Кнауф-Радика се изработени во согласност со светските норми. Квалитетот на производите се следи со постојана внатрешна контрола (контролна лабораторија) и од страна на надворешни акредитирани институции (Магистрат на градот Виена, Институт за градежна биологија-Розенхајм, Технолошко-металуршки факултет-Скопје).

Во Кнауф-Радика, уште од формирањето, во сите сегменти на работењето се спроведува активно управување со квалитетот. Доказ за тоа е сертификатот за управување со квалитетот според EN ISO 9001:2000.

**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760